## ЦЕЛИ НА РЕВИЗИЈАТА

Предмет на извршената ревизија на успешност се поодделните области поврзани со безбедност на храна во РМ за 2006, 2007 и 2008 година, која согласно законот, ја остваруваат Министерството за здравство на РМ – Дирекција за храна, МЗШВ – Управа за ветеринарство и други овластени субјекти во системот за нејзино спроведување.

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде оценка за успешноста во остварувањето на безбедноста на храната во РМ во периодот 2006 – 2008 година. Ревизијата на успешност е извршена како активност планирана и спроведена согласно Годишната програма за работа на ДЗР за 2008 година, како пилот ревизија во соработка со Холандскиот Суд за ревизија.

Ревизијата на успешност е спроведена од страна на ревизорска екипа од ДЗР.

Ревизијата е извршена по следните фази и периоди:

- Прелиминарни истражувања – 14.04.2008 – 24.04.2008 година;
- Извештај од снимањето и предлог за вршење ревизија – 26.05.2008 година согласно кои е одобрено да се продолжи со ревизијата на успешност;
- Вршење на ревизијата – 04.06.2008 – 15.07.2008 година и 01.09.2008 – 14.10.2008;
- Анализа на резултати – 20.10.2008 – 31.10.2008 година;
- Подготовка на Претходен извештај од спроведена ревизија;

Самата ревизија на успешност е вршена во функција на надлежните институции за подобрување на состојбите од аспект на безбедноста на храната како и од други аспекти од нивното работење, запознавање на јавноста и граѓаните со состојбите во оваа област, со ефектите од законски дадените права и обврски, ефектите од подготвеноста на дирекцијата и ефектите од средствата кои се одвојуваат за оваа намена.

Со оваа ревизија на успешност е опфатена една област која до сега не била предмет на ревизија, која се однесува на еден специфичен дел - безбедноста на храната во РМ, а која претставува предмет на интерес од повеќе аспекти и за повеќе целни групи.

Со цел подобрување на состојбите со безбедноста на храната како и заштита на здравјето на луѓето во РМ, одредбите од Законот за безбедност на храна и другите подзаконски акти, ревизијата на успешност ја постави следната цел:

**Дали во Дирекцијата за храна во РМ функционира како што се бара во одредбите на законските и подзаконските акти и дали со нејзините досегашни активности ја гарантира безбедноста на храната?**

Ревизорскиот опфат и применетата методологија во процесот на спроведување на ревизијата на успешност се подетално објаснети во Прилог 1 - Опфат и методологија од овој извештај.